**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# Граѓанско образование

## за VII одделение

**Скопје, 2024 година**

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Граѓанско образование*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | VII (седмо) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • Етика и религија<br>• Идентитет |
| **Број на часови** | 1 час неделно/36 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Дигитални паметни (смарт) уреди<br>• Учебник<br>• Енциклопедии, речници<br>• Хамер, флипчарт, маркери, хартија за цртање, боички, ножички, лепило, леплива лента, компјутер, ЛЦД проектор<br>• Работни листови (според учебник/прирачник)<br>• Списанија, весници, интернет-портали, социјални мрежи<br>• Аудиовизуелни снимени содржини, апликации, прилагодени на возраста |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата по предметот Граѓанско образование во седмо одделение може да ја изведува:<br>• дипломиран професор по историја, ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;<br>• дипломиран историчар, ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;<br>• дипломиран историчар-архивист, со здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високо-образовни установи, ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;<br>• дипломиран професор по историја со археологија-наставна насока, ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен; |

| | |
|---|---|
| | • дипломиран професор по социологија, ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;<br>• дипломиран социолог, ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;<br>• дипломиран професор по филозофија, ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;<br>• дипломиран филозоф, ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен;<br>• дипломиран професор по филозофија и граѓанско образование, ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето ***Општество и демократскакултура*** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| VI-A.1 | да објасни како општествените фактори влијаат врз личноста и средината и да ги зема предвид при формирање мислење и донесување одлуки; |
| VI-A.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; |
| VI-A.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| VI-A.4 | да прави критичка рефлексија за различните лични и општествени вредности и однесувања во различни контексти (особено во етички сензитивните ситуации), да ги почитува општествено прифатените норми и вредности, но и да ги предизвикува кога мисли дека тоа е потребно; |
| VI-A. 5 | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.); |
| VI-A. 6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација; |
| VI-A.7 | да препознава манифестација на вербално и физичко насилство во сопственото опкружување, да ги согледува последиците од насилството и да се спротивставува на него; |
| VI-A.8 | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, |

| | |
|---|---|
| | имајќи ги предвид потребите и интересите на сите; |
| VI-А.9 | да препознае ранливи групи во општеството, да учествува во хуманитарни и волонтерски акции и истите да ги поддржува; |
| VI-А.12 | критички да анализира и дискутира за вредностите на граѓанското општество, различните улоги и однесувања на граѓаните и за својата улога во него; |
| VI-А.13 | да го анализира концептот на човековите права и правата на децата, да идентификува случаи на повреда на правата и да презема активности за нивно неселективно почитување; |
| VI-А.14 | да ги анализира и дискутира одговорностите на извршната, законодавната и судската власт во правната држава и улогата на државата во заштитата на човековите права; |
| VI-А.15 | да идентификува ситуации во кои граѓаните можат да влијаат врз животот во заедницата и да се ангажира за подобрување на состојбите; |
| VI-А.16 | да препознава ситуации на злоупотреба на моќта, да го објаснува штетното влијание на корупцијата врз единката, групата и општеството и да се спротивставува на ваквите појави во опкружувањето; |
| VI-А.19 | да ја објаснува важноста на демократските процеси во општеството и да ги применува принципите на демократско учество во рамките на училиштето; |
| VI-А.21 | да го разликува значењето на поимите: нација, народ, етничка заедница, граѓани и индивидуи; на појавите: етничка и национална припадност, патриотизам и национализам, мнозинство и малцинство; како и на концептите: територија, регион, држава, општество, власт и сл. и соодветно да ги користи во различните контексти на кои се однесуваат; |
| VI-А.22 | да ги идентификува и почитува сите национални симболи на државата Република Северна Македонија и да манифестира чувство на припадност кон државата; |
| VI-А.25 | да ги објаснува карактеристиките на природните и општествените средини и нивната поврзаност со организацијата на животот на луѓето; |
| VI-А.29 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу најзастапените религии во светот и атеизмот/агностицизмот, со посебен акцент врз етичките норми и вредностите што ги застапуваат. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VI-Б. 1 | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.); |
| VI-Б. 2 | сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; |
| VI-Б.4 | неселективното почитување на човековите права и слободи е клучно за добросостојбата на поединците и за општеството во целина; |
| VI-Б.5 | еднаквоста, рамноправноста и социјалната кохезија се неопходни за успешно функционирање на заедницата; |
| VI-Б.6 | личниот ангажман и соработката со другите се битни за остварување заеднички јавен интерес; |
| VI-Б.7 | секој граѓанин е должен одговорно да се однесува кон сограѓаните, заедницата и општеството во целина, постојано имајќи ги |

| | |
|---|---|
| | предвид последиците од своите постапки по другите и околината; |
| VI-Б. 8 | секој граѓанине должен да ги почитува законите, правилата и прописите кои го регулираат однесувањето на луѓето и функционирањето на институциите; |
| VI-Б.9 | секој граѓанин треба да презема одговорност за промените во природата предизвикани од активностите на човекот; |
| VI-Б.11 | секој има право да избере која религија ќе ја смета за своја,односно да избере да не припаѓа на ниту една религија/вера, без да има последици од направениот избор; |
| VI-Б.12 | нашата држава е мултикултурно/мултиетничко општество во кое живеат припадници на различни култури/етникуми и секој нејзин граѓанин е одговорен да придонесува за интеркултурна размена и за почитување на човековите права во интерес на заедничкото живеење во интегрирано, етнички кохезивно општество; |
| VI-Б. 13 | националниот идентитет,кој произлегува од припадноста на државата Република Северна Македонија, е битна компонента на идентитетот на сите граѓани на државата. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните трансверзални подрачја на Националните стандарди:

***Јазична писменост, Математика и природни науки, Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Техника, технологија и претприемништво и Уметничко изразување и култура***

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| I-A.2 | да познава и да користи различни форми на писмено изразување: литературни (песна, краток расказ, излагање/говор, литературен есеј, дневник и др.) и нелитературни (тематски есеј, известување, барање, соопштение, реклама и др.); |
| I-A.3 | да води критички и конструктивен дијалог, аргументирано искажувајќи ги своите ставови; |
| I-A.5 | да подготви и одржи говор со различна содржина и за различна цел, имајќи го предвид аудиториумот (возраста и етничкиот/културниот диверзитет); |
| I-A.8 | да разбира содржини на аудиопораки: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од пораките и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови; |
| I-A.9 | да разбира содржини на пишан текст: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од текстот и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови; |
| I-A.10 | да разбира визуелно прикажани содржини (дијаграми,табели и графикони, илустрации, анимации и др.), да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира визуелно прикажаните содржини и да ги објасни (писмено и усно); |
| I-A.12 | да користи информации од различни извори и медиуми и критички да пристапува кон нив, земајќи ги предвид изворот, контекстот, целта и веродостојноста на презентираните информации. |
| III-A.25 | да одлучува како да ги провери резултатите и размислува дали одговорот е разумен во контекст на проблемот, |
| III-A.29 | да разгледува и одбира идеи, набљудува, предвидува и поставува претпоставки (хипотези), собира и вреднува докази, проверува предвидувања, планира, организира и спроведува истражување, евидентира, обработува, анализира и претставува резултати, |

| | |
|---|---|
| | евалуира и дискутира заклучоци, |
| IV-A.9 | во комуникацијата со други во мултикултурниот дигитален простор, ги почитува различните учесници и ги следи правните, културните и етичките норми во однесувањето во дигиталниот простор; |
| IV-A.10 | да се грижи за својот дигитален идентитет, безбедност и репутација и да ги почитува политиките за приватност; |
| IV-A.12 | да истражува можности за користење на различни модели и симулации, комбинирање статични и динамички претставувања, звук, текст и слики за да модифицира или создаде едноставни креативни мултимедиумски продукти со конкретна намена и за определена публика; |
| IV-A.13 | да дефинира критериуми за квалитет на дигитални продукти и решенија, вклучувајќи ги иновативноста и корисноста; |
| V-A.3 | да ги идентификува различните компоненти на сопствениот идентитет кој се гради врз основа на припадноста на различни социјални групи (на пример: родов, етнички и национален идентитет) и на различните улоги кои ги има во животот (например: ученик, син/ќерка); |
| V-A.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите кои ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-A.5 | да ги препознава емоциите кај себе и кај другите, да ги согледа последиците од сопствените емоционални реакции во различни ситуации и да користи соодветни стратегии за справување со емоциите; |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-A.8 | да го организира сопственото време на начин кој ќе му/ѝ овозможи ефикасно и ефективно да ги оствари поставените цели и да ги задоволи сопствените потреби; |
| V-A.9 | да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себе си и по другите; |
| V-A.10 | да применува етички начела привреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како што се: чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| V-A.11 | да дејствува самостојно, со целосна свесност од кого, кога и како може да побара помош; |
| V-A.12 | успешно да се справува со социјалните притисоци; |
| V-A.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.16 | да ги препознава проблемите во релациите со другите и да приоѓа конструктивно во разрешување на конфликтите, почитувајќи ги правата, потребите и интересите на сите вклучени страни; |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на |

| | |
|---|---|
| | другите; |
| V-А.18 | да истражува, поставувајќи релевантни прашања, со цел да ги открие проблемите, да ги анализира и вреднува информациите и предлозите и да ги проверува претпоставките; |
| V-А.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; |
| V-А.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење; |
| VII-А.9 | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот; |
| VIII-А.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII-А.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти; |
| VIII-А.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност; |
| VIII-А.7 | да препознава и објаснува како културните обележја се менуваат со текот на времето и во различни контексти; |
| VIII-А.10 | да ги идентификува и преиспитува стереотипите и предрасудите кон припадниците на другите културни групи што се манифестираат во неговото/нејзиното опкружување; |
| VIII-А.12 | да го интерпретира светот не само од гледна точка на припадниците на сопствената култура туку и низ перспективата на другите култури. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| I-Б.1 | Преку изучување на мајчиниот јазик се развива сопствениот јазичен и културен идентитет, а преку јазичната комуникација се пренесува културното наследство и културата на живеење; |
| I-Б.3 | Преку читање текстови со различна содржина и структура се развива писменоста, се формира поширок поглед за себе и за светот и се поттикнува пишувањето од потреба и од задоволство; |
| I-Б.4 | содржината и начинот на изразување на сопственото мислење можат да придонесат за одржување и за подобрување на комуникацијата, но и да предизвикаат недоразбирање и конфликти; |
| III-Б.5 | Љубопитноста и иновативноста се клучни за развивање на научно-истражувачката мисла; |
| III-Б.9 | треба да ги разбира предностите, ограничувањата и ризиците на научните теории и нивната примена и да покажува развиен однос кон носење правилни одлуки и градење вредности, вклучително и моралниот аспект при решавањето проблеми. |
| IV-Б.3 | потенцијалите на икт ќе се зголемуваат и треба да се следат и користат, но и дека треба да се има критичен однос кон веродостојноста, доверливоста и влијанието на податоците и информациите кои се достапни преку дигиталните уреди; |

| | |
|---|---|
| IV-Б.4 | во дигиталниот простор е важно да се обезбеди заштита на идентитетот, приватноста и емоционалната сигурност, да не се користи говор на омраза и кибер насилство и да се почитуваат правилата и нормите на комуницирање во дигиталните заедници; |
| IV-Б.5 | информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила и за добро на луѓето; |
| V-Б.2 | осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите,за остварување на целите и за надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
| V-Б.8 | Интеракцијата со другите е двонасочна –какошто има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде просторна другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план; |
| VII-Б.4 | работната етика, културната чувствителност и односот кон другите се значајни за креирање и одржување позитивна работна клима; |
| VII-Б.5 | ресурсите не се неограничени и дека е потребно одговорно да се користат; |
| VIII-Б.3 | почитувањето и промовирањето на сопствената култура придонесуваат за јакнење на културниот идентитет и дигнитет; |
| VIII-Б.4 | културниот диверзитет влијае врз развојот на идентитетот на припадниците на различни култури; |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можност за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување; |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесуваат за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

| **Тема: ЕТИКА И РЕЛИГИЈА**<br>**Вкупно часови: 19** | |
|---|---|
| **Резултати од учење**<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:<br>1. ги објаснува етичките принципи и моралните вредности и нивната примена во секојдневието;<br>2. ги опишува главните религии во светот и ја објаснува улогата на религијата денес;<br>3. ги објаснува етичките принципи што се заеднички за религиите во светот, нивните позитивни влијанија врз живото на луѓето и предизвиците што ги носат во денешниот свет;<br>4. ги објаснува карактеристиките на секуларната држава.<br>Ученикот/ученичката развива:<br>5. морален интегритет и способност за избегнување морално неприфатливи постапки и одлуки.<br>6. почитување на верувањата на другите, без оглед на религијата на која ѝ припаѓаат или се атеисти. | |
| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
| • **Етика и морал**<br>(Основно етички категории: добро, зло; морални вредности: еднаквост, чесност, емпатија, одговорност, скромност, праведност, доследност; хуманост; морална дилема; морално однесување; морални норми, интегритет, етички кодекс) | • Ги објаснува (преку пример) значењето на основните етички категории: добро и зло.<br>• Ја објаснува (преку пример) примената на моралните вредности (еднаквост, чесност, емпатија, одговорност, скромност, праведност, доследност, хуманост) во секојдневните одлуки и однесувањето.<br>• Објаснува како моралните вредности на индивидуата се формираат под влијание на средината.<br>• Идентификува потенцијални морални дилеми во различни ситуации во секојдневниот живот.<br>• Објаснува морално и неморално однесување според етичките принципи.<br>• Користи примери за да ги опише особините на личностите со интегритет.<br>• Споредува морално и неморално однесување со законска регулатива.<br>• Ја објаснува улогата на етичките кодекси во одговорното однесување на луѓето во различни професии. |

| | |
|---|---|
| • **Религијата денес**<br>(религии: христијанство, ислам, јудаизам, хиндуизам, будизам; религиска припадност: православни, муслимани, католици, протестанти, Јудејци/Евреи, атеисти; верски објекти: цркви, џамии, катедрали, синагоги, храмови; свештеници: поп, оџа, отец, рабин; Библија, Куран, Талмуд, Махабхарата, Рамајана; Господ, Христос, Алах, Мухамед, Брама, Шива, Вишна, Буда; реинкарнација, задгробен живот; правото на религиска слобода и слобода на уверување; меѓурелигискиот дијалог) | • Ги опишува христијанството, исламот, јудаизмот, хиндуизмот, будизмот преку нивните основни карактеристики.<br>• Ја објаснува улогата на религијата како извор на утеха и смисла на животот.<br>• Го објаснува влијанието на религијата врз моралните вредности и однесувања.<br>• Го објаснува влијанието на религијата врз формирањето на чувство на заедништво и врз културата, обичаите и традициите во различните делови на светот.<br>• Го објаснува правото на религиска слобода и слобода на уверување (правата на верниците да ги следат своите верувања без дискриминација или насилство и правото на секој човек да избере или да не избере религиска припадност).<br>• Го објаснува значењето на меѓурелигискиот дијалог за обезбедување мир и стабилност во современото општество. |
| • **Заедничките етички принципи на религиите**<br>(религиски принципи: златно правило, праведност и правичност, сочувство и милосрдие, искреност и вистинољубивост, дарежливост и добротворност, поддршка на заедницата и солидарност, смиреност и ненасилство, проштевање, почитување на животот; религиски екстремизам) | • Наведува најмалку шест етички принципи што се заеднички за сите или за повеќето религии во светот.<br>• Ги објаснува (преку примери) заедничките етички принципи во религиите во светот.<br>• Објаснува како религиските принципи влијаат врз однесувањето и одлуките на луѓето во секојдневниот живот.<br>• Ги објаснува предизвиците и позитивните влијанија на религиските уверувања врз мирот во светот.<br>• Ги наведува и објаснува предизвиците поврзани со влијанието на религиите во светот: догматизам и нетолеранција, потиснување на критичкото мислење, промовирање родова нееднаквост, отпор кон културни и општествени промени, злоупотреба на авторитет. |
| • **Секуларизација**<br>(секуларна држава, секуларно образование, секуларно правосудство) | • Ги објаснува придобивките од раздвојувањето на црквата и државата во процесот на секуларизација.<br>• Објаснува што значи секуларно образование и секуларно правосудство.<br>• Идентификува и објаснува нарушување на секуларноста во дадени ситуации. |

**Примери за активности**

- Наставникот ги објаснува основните етички категории: добро и зло. Потоа, учениците поделени во групи, споделуваат искуства од секојдневниот живот што можат да се поврзат со доброто и злото, па потоа секој група избира по еден пример за секоја етичка категорија што ќе го сподели пред другите. Секоја група ги кажува примерите, а другите ученици може да поставуваат прашања и да бараат појаснување зошто дадениот пример илустрира добро, односно зло. На крајот, се заклучува дека овие основни етички категории се

релевантни за нивните животи и имаат значително влијание врз нивните односи со другите луѓе, врз нивните заедници (семејството, соседството, училиштето) и врз општеството како целина.

- Учениците следат презентација во која наставникот укажува што се подразбира под морални вредности и ги посочува следните: еднаквост, чесност, емпатија, одговорност, скромност, праведност, доследност; хуманост. Потоа учениците, поделени во групи, добиваат ливчиња на кои се напишани по 2 морални вредности (на пр. еднаквост и доследност, праведност и скромност итн.) со задача преку заедничка дискусија да определат како семејството, училиштето и медиумите придонесуваат/можат да придонесат за развивање на тие морални вредности кај учениците и да наведат примери кои го илустрираат тоа. Откако сите групи ќе го презентираат сработеното, во отворена дискусија се наведуваат примери на ситуации кои укажуваат како моралните вредности влијаат врз секојдневните одлуки и однесувањето на луѓето (пр. Хуманост е кога некој донира облека на настрадани во земјотрес.).
- На учениците им се презентира следниот проблем:

  *Вие сте капетан на брод кој тоне на отворено море. Во последниот чамец за спасување собира само 8 луѓе, а заедно со вас има десет луѓе кои треба да се спасат: пензиониран лекар, бремена жена, млад брачен пар, дете на 12 години, наставничка, механичар, војник и бездомник кој се шверцувал на бродот. Имате 5 минути да одлучите кои 8 луѓе да се качат во чамецот.*

  Учениците се делат во групи и секоја група во време од 5 минути одлучува кои луѓе ќе се качат во чамецот за спасување. Откако секоја група ќе ја презентираат својата одлука, се води отворена дискусија по следните прашања: (1) *Врз основа на кои критериуми одлучивте? (2) Дали донесените одлуки се правилни или погрешни? Зошто?* [Очекуван одговор: Нема единствено и универзално решение и затоа не може да се зборува за погрешно или правилно донесени одговори.] (3) *Кои морални вредности се почитувани во донесената одлука? Кои морални вредности се занемарени?* (4) *Какви морални дилеми покренува ова сценарио?/Кои морални вредности се спротивставени при одлучувањето?*. На крајот се заклучува дека моралните дилеми во секојдневниот живот нè принудуваат да дадеме предност на едни морални вредности пред други и затоа одлуките што се донесуваат во таквите ситуации се тешки и сложени.
- Учениците се делат во мали групи и секоја група добива по една од следните ситуации: препишување на писмена работа, пронаоѓање изгубен паричник, споделување навреди на социјални мрежи, скришно берење овошки од дворот на соседите, криење на колегата што украл пари од фирмата, крадење чоколадо од продавница и сл. Половина од групите треба да смислат и прикажат како би изгледало морално однесување во „нивната“ ситуација, а другата половина, како би изгледало неморално однесување во „нивната“ ситуација. Потоа, секоја група (една по една) го презентира сработеното, а доброволци од другите групи кажуваат како би изгледало обратното однесување во истата ситуација (ако групата презентира морално однесување, другите даваат примери на неморално и обратно). На крајот, во отворена дискусија се заклучува кои морални вредности го водат моралното однесување.
- Наставникот ги претставува карактеристиките на личноста со интегритет преку долунаведените тврдења. По читањето на секое тврдење учениците дигаат палец (👍) доколку особините/однесувањето наведено во тврдењето им се допаѓаат.
  - Личноста со интегритет постапува исправно и тогаш кога никој не ја гледа.
  - Личноста со интегритет е искрена, праведна и не се преправа пред другите.
  - Личноста со интегритет се држи до своите вредности и принципи и презема одговорност за сопствените постапки.

- Личноста со интегритет има силен морален компас кој ја води да прави добри избори и да ги третира другите со почит.
- Личноста со интегритет покажува доследност во она што го кажува и во она што го прави поради што другите ѝ веруваат.
- Личноста со интегритет има цврст карактер кој се одразува во сè што го прави.

Учениците, поделени во мали групи, влечат по едно од сетот ливчиња на кои се напишани следните ситуации од училиштен контекст (по една на секое ливче):

1. Ученикот А ја препишува домашната од својот другар и ја предава на наставникот како негова.
2. Ученикот Б шири лажни гласини за друг ученик од неговата паралелка за да се стекне со популарност меѓу соучениците.
3. Ученикот В е определен од наставникот да учествува во групен проект по предметот Природни науки, но иако не учествува во работата, на крајот се потпишува како и тој да придонел во проектот.
4. Ученикот Г не му дозволува на соученик да игра фудбал со групата затоа што друг ученик му ветил некоја услуга ако го направи тоа.
5. Ученикот Д ги лаже родителите дека на тестот добил 5 за да му дозволат да оди кај другарот на роденден.
6. Ученикот Ѓ ја препишува домашната од интернет и ја предава како тој самиот да ја составил.
7. Ученикот Е позајмува книга од соученик, но ја изгубува, а пред другите тврди дека ја вратил.
8. Ученикот Ж наоѓа паричник што му паднал на друг ученик и си го присвојува откако ќе се увери дека никој не го видел.
9. Ученикот З најчесто доцни на средбите со другарите и секогаш измислува причини и ветува дека следниот пат ќе биде на време.

Задача на групите е прво да утврдат кои морални вредности не се испочитувани и кои од горенаведените карактеристики на интегритетот недостасуваат кај ученикот опишан во „нивната“ ситуација, а потоа да смислат и опишат и друга ситуација од училишниот живот во која некој ученик манифестира недостаток на друга карактеристика на интегритетот. По претставувањето на сработеното пред целата паралелка, се води отворена дискусија по прашањата: (1) *Кои луѓе ги сметаме за поморални – оние со интегритет или оние без интегритет? Зошто?* (2) *Зошто е важно луѓето да бидат со интегритет? Како интегритетот влијае врз репутацијата на луѓето?* (3) *Како интегритетот влијае врз меѓучовечките односи и пријателството меѓу луѓето? Кои се предизвиците во одржување на интегритетот во денешното општество?.* На крајот се заклучува дека личностите со интегритет имаат поголема репутација, но многу често се изложени на предизвици кои го доведуваат во прашање доследното почитување на моралните вредности, поради што е неопходно да знаат како успешно да одолеат на социјалните притисоци.

- Учениците се делат во мали групи и секоја група добива работен лист со истите ситуации од претходната активност: препишување на писмена работа, пронаоѓање изгубен паричник, споделување навреди на социјални мрежи, скришно берење овошки од дворот на соседите, криење на колегата што украл пари од фирмата, крадење чоколадо од продавница. Задача на групите е да ги идентификуваат последиците од неморалното однесување по лицата кои се однесувале на таков начин. Откако сите групи ќе го презентираат сработеното, се води отворена дискусија по прашањата:
  *(1) Во кои ситуации, лицата кои неморално се однесувале би имале законски последици (пр. би морале да платат казна, би биле судени, би оделе во затвор)?*
  *(2) Што би било доколку се возрасни, а што доколку се деца?*

  и заеднички се заклучува дека има поклопување меѓу моралните и законските норми, но и дека има разлика меѓу она што се смета за морално/неморално однесување и она што се смета за законски оправдано/неоправдано (казниво или не) затоа што законските норми ги

определува државата преку законите со кои дефинира што е праведно, а моралните норми ги определува општествената средина во која функционира индивидуата.

- Учениците се делат во групи и секоја група добива пристап до електронска верзија на еден од следните етички кодекси: КОДЕКС НА Медицинска деонтологија (Лекарска комора), Етички кодекс на психолозите (Комора на психолозите), Кодекс на судска етика (Здружение на судии), Етички кодекс на инспекторите (Инспекциски совет). Задача на групите е да го анализираат „својот кодекс со цел да ги идентификуваат моралните вредности и моралното однесување што го бараат од луѓето што се занимаваат со дадената професија. По презентација на сработеното од страна на сите групи се води отворена дискусија преку која треба да се изведе заеднички заклучок за улогата на етичките кодекси во одговорното однесување на луѓето во различни професии.
- Учениците, поделени во пет групи, врз основа на истражување на интернет подготвуваат по една брошура за секоја од следните религии: христијанство, ислам, јудаизам, хиндуизам, будизам. Во секоја брошура, преку текст и слики, се презентирани одговорите на следните прашања:
    1. *Како се нарекуваат припадниците на дадената религија?*
    2. *Како се нарекуваат верските објекти карактеристични за дадената религија, како изгледаат и што се случува во нив?*
    3. *Каков е називот на светата книга во дадената религија?*
    4. *Што претставува Господ/Христос/Алах/Мухамед/Брама/Шива/Вишну/Буда во дадената религија?*
    5. *Според уверувањето, што се случува со луѓето по смртта во дадената религија?*

  Секоја група работи на посебно прашање и преку одговорите за секоја религија посебно придонесува во креирање на брошурата. За секоја брошура се изработува насловна страница со називот на религијата и соодветни илустрации. Брошурите им се достапни на сите ученици да ги проучат. На крајот наставникот ги поставува прашањата на глас, а учениците ги даваат одговорите. По можност, овој дел од активноста може да се реализира во форма на квиз.
- Учениците се делат во групи и секоја група добива работен лист опис на една од следните религии: христијанство, ислам, будизам и хиндуизам. Во описите се изоставени називите на религиите, боговите и светите книги, а на нивно место е оставена празна линија. Задача на групите е:, прво, преку истражување на интернет, да откријат на која религија се однесува описот и да ги пополнат празните места и потоа да подготват презентација во која ќе ги издвојат клучните моменти од описот од кои се гледа улогата на „нивната“ религија како извор на утеха и смисла на животот. Како модел може да послужат следните текстови:

  \- (за христијанството)

  ___________ *(припадниците на религијата)* веруваат дека смислата на животот доаѓа од верата во ___________ *(божјиот син)*. ___________ *(религијата)* учи дека спасението не се заслужува со дела или добри постапки, туку е дар од Божјата милост што се заслужува со верата во ___________ *(божјиот син)*. Верата во ___________ *(божјиот син)* овозможува лична врска со Бог и на верниците им дава пристап до божјата утеха што ги води низ животот. Верата во ___________ *(божјиот син)* ги повикува верниците да живеат во љубов со другите, да сочувствуваат со нив и да се грижат за другите. ___________ *(религијата)* става силен акцент на љубовта и добрината и бара од верниците да се однесуваат кон другите со емпатија и разбирање. Основна практика во ___________ *(религијата)*

е молитвата која служи како директна врска со Бога. Кога човекот има некаква мака, молитвата му дава сила и утеха затоа што верниците се уверени дека Бог ги слуша нивните молитви и ќе им помогне. ___________ *(религијата)* ги учи верниците да им помагаат на оние на кои им е потребна помош преку постапки на милосрдие. ___________ *(припадниците на религијата)* веруваат во живот после смртта и во вечната надеж за воскресение. Оваа вера во животот после смртта нуди утеха при смртта на близок и им дава смисла на тешките моменти на животот.

- (за исламот)

  Централниот концепт во ___________ *(религијата)* е верувањето во единственоста на ___________ *(богот)*, според кое крајната цел во животот е да се почитува и подлежи на волјата на ___________ *(богот)*. ___________ веруваат дека ___________ ги создал луѓето со цел да го почитуваат и дека вистинска утеха и смисла на животот произлегуваат од подлегнувањето на волјата на ___________ и следењето на неговите насоки како што е изложено во ___________ *(стевата книга)*. За ___________ *(припадниците на религијата)*, оваа света книга е извор на мудрост и решенија за предизвиците со кои се соочуваат во животот. Молитвите во текот на денот им обезбедуваат на верниците директна врска со ___________ *(богот)* и преку молитвите верниците наоѓаат утеха и чувство на духовно обновување. ___________ *(религијата)* ја нагласува важноста на несебично и великодушно давање и помагањето на оние на кои им е тоа потребно. ___________ *(религијата)* учи за важноста на стрпливоста за време на предизвиците и благодарноста за време на благословите. Верниците наоѓаат утеха и смисла во разбирањето дека и предизвиците и благословите се тестови од ___________ *(богот)* и дека животот на Земјата е привремен, а вистинската цел е вечниот живот во тоа што доаѓа по смртта.

- (за будизмот)

  ___________ *(религијата)* се засновува на концептот на свесност за сегашниот момент. Оваа пракса им помага на верниците да ги препознаат и прифатат сегашните услови, без оглед на тоа дали се пријатни или непријатни. Таквата свесност е извор на утеха, бидејќи луѓето учат да не се врзуваат премногу за минатото и иднината. Според ___________ *(религијата)*, страдањето е неизбежен дел од животот. Преку прифаќање на страдањето како дел од човечкото постоење, верниците се учат како да го прифатат страдањето и како да развиваат сочувство кон себе и кон другите. Целта на животот во ___________ *(религијата)* е постигнување нирвана, што е состојба на потполно ослободување од кругот на раѓање и смрт. Постигнувањето нирвана се смета за крај на страдањето и постигнување вечен мир и утеха. За да се постигне Нирвана неопходно е исправно да се разбира, исправно да се зборува, исправно да се постапува, да се имаат исправни намери, да се вложуваат исправни напори и сл. Живеењето во согласност со ова придонесува да се постигне утеха и да му се даде смисла на животот. ___________ *(религијата)* поттикнува на сочувство и грижа за сите живи суштества што им овозможува на ___________ *(припадниците на религијата)* да наоѓаат смисла во постоечкиот контекст на меѓусебна зависност.

- (за хиндуизмот)

  ___________ *(религијата)* верува во циклусот на самсара, кој претставува бескрајен круг на раѓање, смрт и повторно раѓање Многу битно за ___________ *(припадниците на религијата)* е верувањето во кармата, под што се подразбира дека нечија постапка, намера или направен избор има последици по неговиот/нејзиниот живот во сегашноста и иднината. Кармата ги охрабрува поединците да прават одговорни избори и да поттикнуваат на љубезност, сочувство и постапки во корист на добросотојбата на другите за да се создаде позитивна карма што ќе ја подобри нивната иднина. Во ___________ *(религијата)* се верува дека, кога луѓето прават работи со кои го

олеснуваат страдањето, покажуваат добрина и ја посакуваат добробитта на другите, собираат позитивна карма. Оваа позитивна карма води кон добар живот во иднина. Исто така, се верува дека јогата, како духовна и телесна практика, овозможува поврзување на телото и духот. Таа им помага на верниците да ја подобрат својата физичка и духовна благосостојба, како и да ја најдат смислата во искуството на соединување на душата и телото.

Додека групата го презентира сработеното, учениците од другите групи идентификуваат сличности и разлики меѓу презентираната и „нивната“ религија. На крајот, во отворена дискусија се констатираат заедничките елементи и разликите меѓу религиите во улогата што ја имаат како извор на утеха и смисла на животот на нивните верници.

- Наставникот им презентира на учениците по еден пример од главните светски религии каде се гледа како религиите придонесуваат за развојот на моралните вредности:
  (1) Христијанство: Мисијата на Мајка Тереза
  Мајка Тереза го посветила својот живот за да им служи на сиромашните во Калкута, Индија. Нејзината работа е пример за христијанските вредности на сочувство, несебичност и љубов кон ближниот. Таа ја основа Мисионерите на милосрдието, организација која обезбедува грижа и поддршка на оние на кои им е потребна.
  (2) Ислам: Концептот на Зекат (милосрдие)
  Зекат е еден од петте столбови на исламот, кој бара од муслиманите да дадат дел од своето богатство на оние кои имаат потреба. Оваа практика ги одразува исламските вредности на милосрдие, сочувство и помагање на помалку срećните. Муслиманите се охрабруваат да го споделат своето богатство со сиромашните и со оние кои се соочуваат со тешкотии.
  (3) Хиндуизам: посветеноста на Махатма Ганди
  Махатма Ганди, истакната фигура во индиското движење за независност, се залагал за ненасилен отпор (ахимса) против угнетувањето. Неговата посветеност на ненасилство е длабоко вкоренета во хинду вредностите на вистината, неповредувањето и почитувањето на сите живи суштества.
  (4) Будизам: Далај Лама, добитник на Нобеловата награда за мир
  Тензин Ѓацо, 14-тиот Далај Лама, е духовен водач на тибетскиот будизам. Познат е по заложбите за човечките вредности и важноста на сочувството во поттикнувањето на индивидуалната и општествената благосостојба. Во 1989 година ја добил Нобеловата награда за неговата ненасилна борба за ослободување на Тибет и за грижата за глобалните еколошки проблеми.

  Потоа, се отвара дискусија по наведените примери за тоа како религиските вредности може да влијаат и да го обликуваат однесувањето и да ги водат поединците во нивната потрага по поправеден и сочувствителен свет (сочувство, милосрдие, ненасилство, издржливост и други позитивни доблести). На крајот, се заклучува дека позитивното влијание на религијата врз моралните вредности е непобитно, но дека, во нашето современо, плурално општество, подеднакво е важно поединците да одржуваат дистанца и да негуваат критичко мислење, без беспоговорно следење на религиските авторитети - иако религиите можат да обезбедат вредно морално водство, од клучно значење е кон нив да се има критички и слободоумен пристап.
- Учениците, поделени во пет групи, добиваат задача да истражуваат како религиите влијаат на културата, обичаите и традициите на луѓето.

Секоја група влече ливче на кое е напишана одделна религија и празникот (обичаите, традициите) поврзани со него и неговото славење:

(1) Христијанство: Божиќното раѓање (христијанска традиција, прославувањето на раѓањето на Исус, како влијае на божиќните обичаи и традиции ширум светот, вклучително и сцените на раѓањето, коледарските песни и подароците);

(2) Ислам: Рамазан низ светот (во текот на месецот Рамазан како муслиманите ширум светот го почитуваат постот, практикуваат заеднички молитви, какви се обичаите, како оброците за ифтар и ноќните молитви и како тоа создава чувство на заедништво);

(3) Хиндуизам: Дивали фестивал на светлата (културното значење на Дивали, хинду фестивалот на светлината, како се слави со палење на светилки од масло, огномет и размена на подароци и како ги зближува хинду заедниците);

(4) Будизам: Медитација и вежбање на свеста (медитација, зошто денес стана културен тренд, како промовира внатрешен мир и личен раст).

(5) Јудаизам: Пасха ( значењето, традиционалните јадења и ритуали кои се вклучени, кога се слави, како ги зајакнува врските на еврејската заедница и ги зачувува културните традиции).

Секоја група подготвува презентација од истражувањето, по која останатите ученици поставуваат прашања. Потоа, наставникот отвара дискусија во која се разговараат прашања поврзани со религијата и нејзиното значење за културната разновидност, промоцијата на различни вредности, поврзаноста на заедницата, зачувување на културносто наследство, толеранцијата и заедништвото на различните во општеството. На крајот се заклучува дека разбирањето на влијанието на религијата врз обичаите и традициите е од суштинско значење за промовирање толеранција и поттикнување хармоничен соживот во денешниот разновиден свет.

- Наставникот им го објаснува на учениците правото на секој човек да избере или да не избере религиска припадност како дел од правото на религиска слобода и слобода на уверување. Дополнително презентира што значи атеизам и кои луѓе се сметаат себе си за атеисти (атеизамот не е религија туку е убедување кое се однесува на отсуството на верување во постоењето на божества или богови, а луѓето кои се атеисти не веруваат во постоењето на божества и обично ја отфрлаат идејата за постоење на семоќна виша сила). Потоа, наставникот им ги поставува следните прашања на учениците:
  1. *Зошто некои луѓе се христијани, а други се муслимани? Како се определиле да припаѓаат на одредена религија?*
  2. *Дали сите мора да припаѓаат на некоја религија? Зошто?*
  3. *Дали припадниците на некоја религија и атеистите се разликуваат во поглед на моралните вредности? По што се разликува нивното однесување?*
  4. *Дали некоја религија има право да ги натера луѓето да бидат нејзини припадници? Дали смее некому да му се ускрати можноста да припаѓа на некоја религија или да биде атеист?*
  5. *Дали некој има право некому да му наметнува да практикува некој верски обред? Или да го попречува да практикува? Или да му се потсмева затоа што практикува или не практикува?.*

Целта на дискусијата е заеднички да се заклучи дека: (А) никој нема право никому да му наметне дали ќе припаѓа на некоја религија и на која, или ќе одбере да не биде припадник на ниту една религија и (Б) верниците имаат право да ги следат своите верувања без дискриминација или насилство.

- Учениците, поделени во групи, добиваат работен лист насловен како *Можни негативни последици од конфликти меѓу религиите*, во кој се наведени различни можности. Нивна задача е секоја можност да ја означат со Т, ако ја сметаат за точна (дека навистина е можност), односно со Н, ако ја сметаат за неточна (дека не е можност). Пример за такви можности се:
  - Напнатост меѓу припадниците на различни религии (Т)
  - Соработка меѓу припадниците на различни религии (Н)
  - Насилство меѓу верските заедници (Т)
  - Физички, психолошки и материјални загуби за припадниците на една или повеќе религии (Т)
  - Почитување на религијата и обичаите на припадниците на другите религии (Н)
  - Дискриминација на припадниците на помалку застапените верски заедници во општеството (Т)
  - Раселување на луѓето и бегалски кризи (Т)
  - Заедничко празнување на различни верски празници (Н)
  - Изолација на припадниците на помалку застапените верски заедници (Т)
  - Принудна промена на верските практики (Т)

  По завршување на задачата, откако заеднички ќе се констатира кои се точните можности наведени во листата (негативните последици), наставникот поведува дискусија со сите по прашањето: *Како може да се спречи да се предизвикаат негативни последици во општествата?,* од која треба да произлезе дека најефикасен начин е меѓурелигискиот дијалог кој обезбедува да сеислушаат и испочитуваат потребите на секоја религиска заедница, без загрозување на потребите на другите и без докажување која религија заслужува повеќе или е повеќе во право кога се работи за религиските верувања и практики.
- Учениците се делат во 5 групи и секоја група влече по едно од ливчињата на кои е напишана по една од следните религии: христијанство, ислам, јудаизам, хиндуизам и будизам. Секоја група добива задача прво да истражи (на интернет) на кој начин (со кој исказ) е застапено златното правило во „нивната“ религија, а потоа низ групна дискусија да открие на кои етички принципи и морални вредности се засновува исказот и да смисли примери на ситуации од секојдневниот живот кога се постапува во согласност со тоа правило и кога се постапува спротивно на тоа правило (пр. затоа што не сака да го озборуваат и тој не ги озборува другите / иако не сака да го озборуваат, тој ги озборува другите). Откако секоја група ќе го презентира исказот и сработеното и ќе ги одглуми ситуациите, сите заедно изведуваат заклучок за тоа што значи златното правило и кои се последиците од неговото почитување/непочитување во секојдневниот живот.
- Учениците, поделени во групи, добиваат по еден работен лист на кој се напишани и дефинирани следните религиски принципи: (1) сочувство и милосрдие, (2) искреност и вистинољубивост, (3) дарежливост и добротворност, (4) поддршка на заедницата и солидарност, (5) смиреност и ненасилство, (6) проштевање и (7) почитување на животот. Секоја група, за секое правило, треба да смисли и опише ситуација од секојдневниот живот во која се применува наведеното правило. Групите ротираат во презентирањето на правилата (едно по едно) и

описите на нивна примена. На крајот заеднички се дискутира за тоа како религиските принципи влијаат врз однесувањето и одлуките на луѓето во секојдневниот живот.

- Учениците, поделени во групи, добиваат задача да ги идентификуваат религиските принципи кои придонесуваат за мирољубив пристап кон конфликтите и мирен соживот. Откако секоја група ќе ги презентира своите размислувања пред другите, во отворена дискусија се изведува заеднички заклучок дека сите религиски принципи промовираат мир и мирно решавање на конфликтите. Потоа, наставникот го објаснува поимот религиски екстремизам и го презентира дејствувањето на Ал Каеда, по што, во отворена дискусија со учениците, заеднички се заклучува дека екстремистичките толкувања на религиските учења може да доведат до насилство, насилни судири и тероризам.
- Учениците следат презентација од наставникот во која се објаснува секој од следните предизвици поврзани со влијанието на религиите во светот: (1) догматизам и нетолеранција, (2) потиснување на критичкото мислење, (3) промовирање родова нееднаквост, (4) отпор кон културни и општествени промени и (5) злоупотреба на религиски авторитет. Потоа, учениците се делат во 5 групи, и по истражување на интернет за секој предизвик одделно, групите опишуваат по еден пример на ситуација во која се гледа влијанието на религијата. При тоа, секоја група започнува да работи на различен предизвик и откако ќе го напише, го подава на друга група, која се надоврзува со свој опис на ситуација поврзана со истиот предизвик. Откако сите пет групи ќе дадат примери на ситуации за сите пет предизвици, се читаат сите примери за секој предизвик и, со помош на наставникот бираат пример кој најточно го опишува предизвикот.
- Наставникот им го објаснува на учениците значењето на поимот секуларизација (како отстранување или намалување на влијанието на религијата во политиката, образованието, правосудството и културата и како раздвојување на религиските/верските и политичките институции). Потоа, учениците се делат во групи и секоја група добива (со влечење ливче) да работи на една од следните придобивки од секуларизацијата: (1) заштита на правото на религиска слобода и слобода на уверување, (2) обезбедување рамноправен статус на сите религии и (3) спречување религиозна дискриминација. При тоа, од секоја група се бара, со помош на информации од интернет, да подготви презентација во која, преку примери од секојдневниот живот ќе објасни која е корист за граѓаните од „нивната“ придобивка и што би се случило во врска со „нивната“ придобивка доколку државата не е секуларна. По презентирање на сработеното, во отворена дискусија се заклучува дека секуларизација е предуслов за рамноправен третман на сите граѓани на државата без оглед на нивната религиска припадност и без оглед на тоа дали се верници или не).
- Учениците, поделени во групи добиваат работни листови со две различни ситуации кои илустрираат нарушување на секуларноста, од кои едната се однесува на образованието (пр: наставниците ги тераат учениците да се молат во училиште), а другата на правосудството (пр: судијата што е припадник на една религија пресудува во корист на припадник на својата религија без соодветни докази), при што ситуациите варираат од една до друга група. Од учениците се бара да ги идентификуваат нарушувањата (кои од придобивките на секуларноста не можат да се остварат) и да го аргументираат мислењето. Наставникот ги чита описите на ситуациите( еден по друг) и по секој прочитан опис групата што работела на таа ситуација укажува кои нарушувања ги идентификувала и ги дава аргументите за тоа, а другите групи следат и дополнуваат доколку има потреба. На крајот во отворена дискусија се заклучува кога образованието и правосудството може да се сметаат за секуларни.

| **Тема: ИДЕНТИТЕТ**<br>**Вкупно часови: 17** | |
|---|---|
| **Резултати од учење**<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:<br>1. објасни што е идентитет, како се формира и менува и од кои аспекти се состои;<br>2. прави разлика меѓу личен и групен идентитет;<br>3. ги наведе карактеристиките на личниот идентитет и го објасни влијанието на различните фактори во неговото формирање;<br>4. објасни како групната припадност придонесува за формирање на групниот идентитет;<br>Ученикот/ученичката:<br>5. ќе развива свесност за себе преку препознавање на сопствените верувања, интереси, силни страни и предизвици со кои се соочува;<br>6. преку соочување со групниот идентитет, ќе развива емпатија и почитување на различностите и ќе цени инклузивност и толеранција;<br>7. ќе стане поотворен/-а за прифаќање нови идеи и промени. | |
| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
| • **Поим за идентитет**<br>(фактори: пол, физички особини, особини на личноста, вредностите, интересите, културата, образованието, професијата, партнерските и пријателските врски, групната припадност, улогите во потесната и пошироката средина; личен и групен идентитет) | • Објаснува што се подразбира под поимот идентитет користејќи се себе си како пример.<br>• Објаснува како се формира идентитетот и наведува примери преку кои го објаснува влијанието на различните фактори врз формирањето на идентитетот.<br>• Ја објаснува разликата помеѓу личниот идентитет и групниот идентитет, користејќи примери.<br>• Опишува ситуации од реалноста во кои идентитетот игра важна улога. |
| • **Личен идентитет**<br>(физички особини, психолошки карактеристики, биографски елементи; самодоверба, самопочитување, социјален медиум) | • Ги наведува аспектите на личниот идентитет и ги објаснува преку примери.<br>• Ја објаснува мултидимензионалноста на идентитетот преку пример.<br>• Објаснува (преку пример) како и зошто идентитетот се развива и менува во текот на животот.<br>• Објаснува како вредностите и верувањата на поединецот го формираат неговиот личен идентитет и како влијаат на изборите што ги прави индивидуата, на нејзините врски со другите и на ефектите од своите постапки врз околината.<br>• Објаснува (преку пример) како личниот идентитет е поврзан со самодовербата и самопочитувањето.<br>• Ја објаснува улогата на семејството, училиштето и врсниците во обликувањето на личниот идентитет. |

| | |
|---|---|
| | • Ја објаснува поврзаноста меѓу идентитетот на социјалните медиуми и личниот идентитет. |
| • **Групен идентитет** (формални и неформални групи, родов идентитет, етнички идентитет, национален идентитет) | • Наведува примери на формални групи и неформални групи и ја поврзува припадноста на овие групи со групниот идентитет.<br>• Ја објаснува важноста на припаѓањето во различни групи и на прифаќањето на индивидуалните разлики меѓу припадниците на иста група.<br>• Наведува примери преку кои ги објаснува различните видови групни идентитети.<br>• Ја објаснува улогата на семејството во формирањето на родовиот идентитет.<br>• Ги наведува карактеристиките на етничкиот идентитет и ги објаснува (преку примери) придобивките и предизвиците што се резултат на разноликоста на етничките идентитети во мултиетничките општества.<br>• Го објаснува значењето на националниот идентитет и наведува како се манифестира патриотизам. |

**Примери на активности**

- Секој ученик добива работен лист *Кој сум јас* што треба да го пополни со дополнување на следните реченици::
    1. Според полот, јас сум __________
    2. Имам __________ години.
    3. Јас сум син/ќерка на __________.
    4. Според етничката припадност, јас сум __________.
    5. Живеам во градот/селото __________ што се наоѓа во државата __________.
    6. Ученик сум во __________ одделение во училиштето __________.
    7. Се дружам со __________.
    8. Во моето семејство два најважни празници се __________ и __________.
    9. Според религиската припадност, моите родители се __________.
    10. Мои три најомилени активности/хобија се: __________, __________ и __________.
    11. Три особини што најдобро ме опишуваат се: __________, __________ и __________.
    12. Во иднина сакам да бидам __________

  По пополнување на работниот лист, наставникот презентира што значи поимот *идентитет* (начин на кој индивидуата се доживува себе си како личност и како припадник на различни групи), ги наведува и објаснува факторите дадени во работниот лист кои придонесуваат за формирањето на идентитетот (полот, возраста, улогата во и вон семејството, етничката припадност, местото на живеење и државата,

особините на личноста, интересите, религијата, пријателските/другарските врски) и нагласува дека не се тие единствените фактори, туку дека има и други. Потоа учениците се делат во мали групи во рамки на кои секој ученик го презентира својот „идентитет“, споделувајќи ги описите што ги дал во работниот лист. При тоа, во групата се идентификуваат заедничките работи и разликите во нивните „идентитети“. По еден претставник од секоја група го презентира својот „идентитет“ пред паралелката и посочува кои работи му се заеднички со други во групата, а кои му се различни. На крајот, преку отворена дискусија заеднички се заклучува дека идентитетот на секој човек се состои од многу испреплетени и меѓусебно зависни аспекти и таа мултидимензионална комбинација ја прави секоја индивидуа уникатна и тогаш кога луѓето се навидум слични поради тоа што споделуваат исти карактеристики.

- Учениците го користат работниот лист *Кој сум јас* пополнет на претходниот час. Добиваат задача да одберат пет од напишаните реченици за кои сметаат дека најдобро ги опишуваат, односно пет работи за кои сметаат дека се најважни за нив самите и тие пет посебно да ги напишат во нов работен лист *Кој навистина сум јас*. Потоа, наставникот објаснува како се формира идентитетот, нагласувајќи ја улогата на личните искуства и интеракциите со другите во средината користејќи хипотетички примери (пр. многу битно за идентитетот на некој ученик може да биде тоа што е машко затоа во текот на живото согледал дека тоа му носи привилегии во однос на девојчињата; за некоја ученичка многу битно ѝ е што е постара сестра во семејството тоа ѝ овозможило привилегиран третман во однос на помалите деца во семејството). Следно, учениците се делат во мали групи (различни од претходниот час) во рамки на кои секој ученик го презентира својот „идентитет“ преку речениците од работниот лист *Кој навистина сум јас* и да објасни кои искуства/интеракции со другите придонеле тие нешта да му бидат најважен дел од идентитетот. Следно, неколку доброволци на истиот начин го презентираат својот идентитет пред целата паралелка. На крајот, во заедничка дискусија се резимира како личните искуства и интеракциите со другите во средината придонесуваат за формирање на идентитетот на луѓето.
- Учениците го користат претходно пополнетиот работен лист *Кој навистина сум јас*. Наставникот ја објаснува разликата меѓу личниот и групниот идентитет (начинот на кој секој од нас се доживува и се идентификува себе си наспроти начинот на кој секој од нас се идентификува и се поврзува со различни групи, при што користи примери кои се однесуваат на неговиот идентитет. Потоа, учениците се делат во мали групи (различни од претходните часови) и секоја група добива по два листа: еден насловен со *Личен идентитет* и друг со *Групен идентитет*. Во рамки на групата секој го претставува својот „идентитет“ и додека го прави тоа, целата група идентификува дали се работи за опис на личен или на групен идентитет и тоа го запишува во соодветната листа. По завршување на работата, групите ги презентираат двете листи пред целата паралелка, а наставникот ја проверува точноста и запишува на табла типични примери на описи на личен и групен идентитет. Во отворена дискусија за секој од примерите учениците објаснуваат зошто примерите илустрираат карактеристики на личен, односно на групен идентитет.
- Учениците, поделени во групи, добиваат по една картичка на која е опишана една ситуација од реалноста во која идентитетот игра важна улога. При тоа, може да се користат подетални описи на следните или други ситуации: (1) навивање на меѓу-училишни натпревари, (2) комуникација на лекари со колеги, пациенти и пријатели, (3) конфликт околу топка меѓу ученици со различна етничка припадност, (4) споделување информации за сопствените активности на социјалните мрежи. Задача на учениците во групите е, преку интерна дискусија, да го определат делот на идентитет (личен или групен) на поединците што се учесници во ситуацијата кој игра важна улога во нивното

однесување и да објаснат зошто мислат така. По завршување на задачата, секоја група ја презентира ситуацијата и сознанијата до кои дошла пред целата паралелка, а другите ученици имаат можност да им поставуваат прашања за разјаснување и можност да ги дополнуваат.

- Учениците, поделени во групи, добиваат работен лист во кој се напишани аспектите на личниот идентитет и факторите кои придонесуваат за формирање на идентитетот: (1) физички особини: пол, боја на кожата, висина, тежина, црти на лицето, (2) психолошки карактеристики: особини на личноста, способности, вредности, интереси и верувања; и (3) биографски елементи: образование, кариера, хобија, искуства и животни настани). Задача на групите е да изберат по два фактори од секој од трите аспекти наведени на работниот лист (меѓу оние што претходно не биле спомнувани) и, преку примери од реалноста, да објаснат како тие влијаат врз формирањето на личниот идентитет, односно врз начинот на кој различни луѓе се доживуваат себе си (пр. за образование – некој што се стекнал со повисоко образование може да се доживува себе си како поважен од некој што останал со пониско образование; пр. за висина - некој што е многу низок и е опкружен со повисоки, може да се доживува себе си како помалку вреден од повисоките). Наставникот ги повикува групите што работеле на конкретни фактори (еден по еден фактор) да го презентираат сработеното. На крајот, во отворена дискусија, се резимира дека личниот идентитет (доживувањето на себе си) се формира под меѓусебно влијание на тоа како индивидуата ги доживува и прифаќа сопствените физички и психолошки карактеристики и претходните животни искуства.
- Според насоките што ги дава наставникот, секој ученик пишува сопствена „биографија“, редејќи ги на временска линија значајните нешта што ги доживеал/што му се случиле во животот, од раѓањето до денес. Линијата треба да започне со наведување на датата на раѓање и давање опис на семејството во кое се родил (кои биле членови и во какви роднински врски биле), па потоа следат другите битни настани/случувањето, при што на линијата се означува возраста кога се случиле и под или над линијата се дава кус опис на настанот/случувањето (на пр. на возраст од 3 години, му се родила сестра, на возраст од 5 години семејството се преселило во друг стан/куќа и се стекнал со нови другари...). По завршување на задачата, учениците се делат во мали групи и, во рамки на групите, ги споделуваат своите „биографии“ и објаснуваат како настаните наведени во „биографијата“ се одразиле врз нив. По завршување на работата во групите, неколку доброволци ја претставуваат својата „биографија“ – ја прикажуваат временската линија на табла (со означените возрасти на неа) и усно ги опишуваат настаните што се случиле тогаш и објаснуваат како тие се одразиле врз нив. На крајот во отворена дискусија се заклучува дека: (1) доживеаните настани/случувања се дел од животното искуство и како такви играат значајна улога во формирањето на личниот идентитет на тој начин што влијаат на тоа како самата индивидуа се доживува себе си и како гледа на сопственото опкружување и на светот во целина и (2) идентитетот не е фиксен/статичен, туку се развива и менува во текот на животот поради новостекнатите искуства (има сериозна љубовна врска, станува родител, менува професија, доживува траума) и влијанијата од средината (стекнува пријатели од различни култури, се сели од град во село, се сели во друга држава).
- На два спротивни ѕида на училницата се поставува по еден лист: на едниот пишува *сосема се согласувам*, а на другиот – *воопшто не се согласувам*. Наставникот го чита тврдењето: *Секое дете треба да одговара за своите постапки*, а учениците се распоредуваат поблиску до едниот или до другиот ѕид зависно од тоа дали и колку се согласуваат/не се согласуваат со тврдењето. По распоредувањето, дел од учениците распоредени на различни позиции објаснуваат што мислат за тврдењето. Истата постапка се повторува и за тврдењето: *Секој треба да му помогне на дете што го малтретираат други деца.* Потоа, наставникот објаснува дека во тврдењата се вградени две

различни вредности (одговорност и помагање на други) кои можат да бидат вградени во личниот идентитет доколку индивидуата ги смета за многу важни и се придржува до нив во реалноста. По даденото објаснување од учениците бара да наведуваат и други вредности кои тие самите ги сметаат за важни и се трудат да ги почитуваат. Следи презентација на наставникот во која, преку даден пример објаснува како вредностите и верувањата што се дел од личниот идентитет влијаат на: (1) изборите што ги прави индивидуата (пр. Сара цени креативност, независност и помагање на другите, верува во важноста на добросостојбата за здравјето на луѓето и во потребата од живеење во праведен свет. Затоа избира да биде психолог-психотерапевт, иако родителите ја убедуваат дека е добро да стане лекар или адвокат затоа што ја бидува за тоа), (2) на врските на индивидуата со другите (пр. се дружи со луѓе што немаат проблем да го искажуваат сопственото мислење и со луѓе кои доброволно помагаат во дом за стари лица) и (3) на ефектите од нејзините постапки врз средината (пр. преку професијата им помага на луѓето што имаат емоционални проблеми). На крајот, учениците наведуваат примери на вредности и верувања што нив лично им се важни и укажуваат како тие влијае врз изборите што ги прават, односите со другите и ефектите врз средината.

- Секој ученик добива по три стикера (ливчиња што може да се лепат на ѕид) и на секое треба да нашите по едно нешто *што би сакал/сакала да го знае или да го прави, но сеуште не може.* Секој ги лепи своите стикери на различни делови од ѕидот во училницата (или на таблата) и другите може прво да ги разгледаат, а потоа и да изберат по 1-2 од ливчињата на другите што наведуваат нешто друго што тие би сакале, но не го напишале на своите ливчиња (не се сетиле или не биле свесни дека го сакаат). Учениците, застанати во круг, го читаат напишаното на стикерите што ги избрале (што некој друг напишал дека би сакал, ама сеуште не може). Доброволци објаснуваат зошто го избрале тоа. Потоа се води отворена дискусија по прашањата: (1) *Колку сте подготвени да се ангажирање за да го остварите тоа што би сакале да го знаете или да го правите? (Што правиме кога сме навистина заинтересирани да ја оствариме зацртаната цел?)* и (2) *Како успехот или неуспехот да ја постигнеме целта се одразува на идентитетот на индивидуата?*. На крајот се заклучува дека вложувањето во остварување на интересите влијае врз начинот како се доживуваме себе си и начинот на кој се трудиме да ги постигнеме зацртаните цели го обликува нашиот личен идентитет.
- Секој ученик добива по два стикера (ливчиња што може да се лепат на ѕид) и на секое треба да напишите по едно нешто *што навистина добро го прави.* Секој ги лепи своите стикери на различни делови од ѕидот во училницата (или на таблата) и другите може прво да ги разгледаат, а потоа и да изберат по 1 од ливчињата на другите што посочуваат на нешто во што нив лично би им требала поддршка. Учениците, застанати во круг, го читаат напишаното на стикерите што ги избрале (што некој друг напишал дека навистина добро го прави, а нив им треба поддршка за да можат и тие самите добро да го прават), по што наставникот поставува прашање до сите: *Како успеавте тоа да научите тоа да го правите добро?* со цел учениците да согледаат дека ништо не може добро да се направи без да се вложи труд. Потоа наставникот објаснува што значат поимите самодоверба (верување во сопствените способности) и самопочитување (слика за сопствената вредност, сопственото знаење и сопствената способност), по што се води отворена дискусија по прашањата: (1) *Како сознанието дека можеме нешто успешно да го направиме влијае врз нашата самодоверба и самопочитување? Зошто?* и (2) *Како нештата во кои сме вложиле труд и сме постигнале успех (на пр. свирење пред публика на концерт, учество на ликовна изложба со цртеж, добивање пофалба или награда за направено нешто) влијаеле на нашата самодоверба и самопочитување?*. На крајот наставникот објаснува како самодовербата и самопочитувањето се поврзани со личниот идентитет (доживувањето на индивидуата дека е способна да ги исполни

задачите и да се справи со ситуациите, придружено со чувството на сопствена вредност и позитивна слика за себе) и заедно со учениците заклучува дека личниот идентитет кој го определува начинот на кој индивидуата со доживува себе си е многу битен за самодовербата и самопочитувањето.

- Учениците, поделени во мали групи, истражуваат за улогата на семејството, училиштето и врсниците во обликувањето на личниот идентитет. Врз основа на стекнатите сознанија подготвуваат три одделни продукти (постери, стрипови и/или куси драматизации) кои прикажуваат примери на случки/сцени од реалноста во кои се гледа влијанието на семејството, на училиштето и на врсниците. Откако сите групи ќе ги презентираат своите продукти, во отворена дискусија се резимира за тоа како влијаат врз формирањето на личниот идентитет на децата (преку нивното однесување во различни ситуации и преку начинот на кој постапуваат со децата) и на кои фактори нивното влијание најмногу доаѓа до израз (особините на личноста, способностите, интересите, вредностите и верувањата на децата).
- Учениците, поделени во групи, замислуваат дека треба да креираат профил на измислена личност за некој социјален медиум, при што половина од групите ќе прават профил на машко, а другите на женско. Податоците за профилот ќе ги пишуваат на хартија (или на видео презентација) наместо на вистински социјален медиум. Профилот треба да содржи профилна слика, насловна слика, име на корисникот, податоци за дата на раѓање, место на живеење, образование, каде работи, податоци за интереси или хобија, постови со фотографии на корисникот од настани или посети (со или без други лица), споделени постови на други, број на пријатели или следбеници и сл. (Фотографиите можат да бидат земени од интернет или од отворени профили на социјалните медиуми, но никако не од затворени профили со ограничен пристап). Секоја група го претставува „својот“ профил пред целата паралелка. Потоа се води отворена дискусија по следните прашања:
    1. *Како луѓето се претставуваат себе си на социјалните медиуми? Како е тоа различно од начинот на кој се претставуваат во реалниот свет? Кои аспекти на идентитетот се нагласени или прикриени во профилите на социјалните медиуми?*
    2. *На кој начин онлајн комуникацијата со другите се разликува од комуникацијата на социјалните медиуми? Кои се последиците од можноста за зачувување на анонимноста што ја нудат социјалните медиуми?*
    3. *По што врските што се создаваат на социјалните мрежи се разликуваат од врските што постојат во реалниот свет?*
    4. *Како социјалните мрежи влијаат врз нашето доживување на себе си?*

  Од дискусијата треба да произлезат констатациите дека идентитетот што личноста го претставува на социјалните мрежи многу често се разликува од нејзиниот личен идентитет најмногу поради потребата да се претстави себе си во најдобро светло, но и дека социјалните медиуми влијаат врз начинот на кој се доживуваме себе си во релација со другите (влијаат врз личниот идентитет).
- Учениците добиваат работен лист со две колони: во едната се напишани следните „категории“: спортист/ка, ученик/чка, извидник/чка, дете, девојче/момче, син/ќерка, брат/сестра/единец, припадник на етничка заедница (напиши која ___________), припадник на религиска заедница (напиши која ___________), а другата е оставена празна. Секој ученик (индивидуално) треба да изберат три категории кои најмногу го опишуваат/дефинираат и во празната колона до нив да стави знак X. По завршување на работата учениците се делат во мали групи во рамки на кои дискутираат како го направиле изборот и ги споредуваат своите одговори. Потоа, наставникот во истата табела прикажана на табела ги запишува изборите на учениците – секој ученик ги кажува своите избори, а наставникот става цртички во втората колона до секоја

избрана категорија. Во отворена дискусија, се заклучува дека иако има разлики во однос на рангирањето на категориите, сепак одредена група ученици избрала исти категории кои сметаат дека најдобро ги опишуваат. Наставникот прво укажува дека избраните категориите се носители на групниот идентитет и потоа ги запишува на табла групите кои преку припадноста или улогата во нив го определуваат групниот идентитет: родова припадност, возрасна припадност, улога во семејство, припадност на спортски клуб, етничка припадност, религиска припадност. На крајот, врз основа на претходно определените фреквенции на категориите што учениците ги сметаат за најбитни за нивниот групен идентитет (табелата на табла), заеднички се констатира кои групни идентитети се најзастапени (пр. родов идентитет, етнички идентитет, семеен идентитет, религиски идентитет, „професионален“ идентитет, возрасен идентитет).

- Наставникот објаснува кои групи се сметаат за формални групи (имаат дефинирани цели, структура, правила и процедури на функционирање), а кои неформални (составени од луѓе кои се собираат спонтано, обично поради заеднички интереси, хобија, или дружење и немаат јасно дефинирани правила или структури). Учениците, поделени во групи, добиваат лист во кој се наведени различни групи (пр. спортски тимови, извиднички одред, ученичка заедница, училишна паралелка, политичка партија, навивачка група, група за вежбање јога, група за планинарење), со задача да ги распоредат во формални или неформални. По завршување на работата, за секоја група наведена во листот наставникот прашува дали ја определиле како формална или како неформална и по еден претставник од секоја група го кажува нивниот одговор и објаснува зошто така одговориле, а наставникот, по потреба ги коригира аргументите и укажува на точниот одговор. На крајот сите ученици дискутираат како припадноста на определена група влијае врз формирање на идентитетот и заеднички се констатира дека групниот идентитет на индивидуата се гради врз основа на важноста што индивидуата ѝ ја придава на групата, според тоа колку се поистоветува со групата и колку е емоционално приврзана за групата.
- Учениците се делат во групи и секоја група добива работен лист на кој се наведени следните емоционални состојби/доживувања: радост, тага, гордост, срам, поддршка, солидарност, емпатија, прифаќање, лутина, стравување, огорченост. Секоја група влече едно ливче од сетот на кој се напишани следните групи (по една на секое ливче): навивачи на спортски тим, членови на политичка партија, другари од исто друштво, група планинари. Учениците во секоја група треба да си замислат дека ѝ припаѓаат на групата што ја извлекле и дека таа група ја доживуваат како важна за нивниот идентитет. Нивна задача е да си замислат ситуации (1) кога групата се покажала успешна, (2) кога претрпела неуспех и (3) кога е загрозена од други. Потоа, треба да ги идентификуваат и означат емоционалните состојби/доживувања од работниот лист што се јавуваат кај нив (припадниците на групата) во секоја од претходно замислените ситуации. Откако секоја група го презентира сработеното пред паралелката, наставникот поведува дискусија по прашањата: (1) *Зошто припадниците на групите на кои припадноста им е важна се чувствуваат така во наведените ситуации?* (2) *Дали сите припадници на групата го чувствуваат истото? Или, дали сите подеднакво силно го чувствуваат тоа? Зошто?* (3) *Дали на една индивидуа сите групи на кои им припаѓа ѝ се подеднакво важни?.* На крајот заеднички се заклучува дека иако припадноста на одредена група на некој начин ги обединува сите нејзини членови, сепак сите припадници на една група немаат ист однос кон групата затоа што групниот идентитет варира од една до друга индивидуа.
- Учениците, поделени во групи, добиваат работен лист на кој се наведени повеќе тврдења во врска со родовите улоги. Во рамки на групата треба да го продискутираат секое тврдење и да проценат колку од децата на нивна возраст се согласуваат со тоа тврдење и својата проценка

да ја означат со бројка од 1 до 5 што ќе ја напишат покрај тврдењето, при што 1=многу малку, 2=помалку од половина, 3=околу половина, 4=повеќе од половина и 5=скоро сите. Пример за можни тврдења:

1. Мажите треба да се фокусираат на кариерата, а жените на семејството.
2. Сите вистински мажи се груби и агресивни, а сите вистински жени се нежни и емотивни.
3. Девојките треба да направат сѐ за да бидат привлечни.
4. За момчињата е оправдано да бидат немирни.
5. Малите девојчиња треба да си играат со кукли, а малите момчиња со автомобилчиња и авиончиња.
6. Мажите треба да бидат директори затоа што се подобри лидери од жените.
7. Жените треба да бидат воспитувачки и наставнички затоа што повеќе се грижат да децата од мажите.

По завршување на работата во групите, наставникот ги запишува одговорите (бројките) за секое тврдење на табла, па се пресметува и запишува збирот добиен за секое тврдење и заеднички се констатира за кои тврдења има највисок збир. Потоа, наставникот објаснува дека сите тврдења содржат стереотипни очекувања што ги поставуваат традиционалните општества во врска со родовите улоги (родови стереотипи), кои во голема мера влијаат на формирањето на родовиот идентитет на индивидуите. Групите добиваат нова задача да предложат начин како да се променат или надминат стереотипите содржани во горенаведените тврдења (на пр. ако стереотипот е дека Мажите треба да се фокусираат на кариерата, а жените на семејството, разбивањето на стереотипот би бил дека треба да е прифатливо секој, без оглед на полот да ја бира својата кариера, односно да избере што ќе му биде најважно во животот.). По презентирање на сознанијата до кои дошле групите, наставникот објаснува како семејството, некогаш свесно, а некогаш несвесно придонесува за зајакнување на родовите стереотипи или за нивно надминување, при што главна улога играат родителите на тој начин што: претставуваат модели за идентификација (децата гледаат како се однесуваат родителите и го копираат нивното однесување), ги пренесуваат вредностите и верувањата на децата и им упатуваат пораки на децата во врска со однесувањето на другите во околината. На крајот нагласува дека воспитувањето на децата во семејството во врска со родовите улоги во голема мера го одредува родовиот идентитет на индивидуите.

- Учениците следат куса презентација подготвена од наставникот за карактеристиките на етничкиот идентитет кои произлегуваат од припадноста на одредена етничка заедница: јазикот, традицијата, обичаите, музиката, културното наследство.  Секој ученик добива работен лист со две празни колони. Во левата колона ученикот запишува: (1) етничката група на која припаѓа, (2) мајчиниот јазик, (3) најважниот традиционален празник/прослава во семејството, (4) најважниот обичај поврзан со празникот/ прославата, (5) наслов на стара народна песна што се пее на семејните прослави и (6) традиционалната храна што се служи на семејните празници/прослави. Во десната колона, за секој наведен елемент во левата колона става поени од 1 до 10 преку кои проценува како би се чувствувал доколку е оневозможен да го практикува тоа што е наведено. При тоа, 1 означува дека воопшто нема да му биде непријатно, 10 дека исклучително лошо ќе се чувствува, а другите бројки меѓу укажуваат на различни степени на лошо чувство. По завршување на задачата, од учениците се бара да ги соберат поените што ги доделиле на секој од наведените елементи и го интерпретираат резултатот: колку е повисока сумата толку е поизразено чувството на припадност кон сопствената етничка заедница, односно етничкиот идентитет на индивидуата. По завршување на задачата, во отворена дискусија се констатира дека во нашата држава, како и во повеќето држави во светот, граѓаните се разликуваат според етничкиот

идентитет затоа што самите држави се мултиетнички. Потоа, наставникот ја презентира основната придобивка од тоа (културно богатство кое произлегува од разноликоста на обичаите, традициите, јазиците, музиката), ги посочува предизвиците (јазични бариери, предрасуди и меѓуетнички конфликти) и објаснува дека предизвиците може да се надминат доколку постои меѓуетничка толеранција што обезбедува почитување на различните перспективи и искуства.

- Наставникот на целата табла црта дијаграм со еден поголем централен круг во кој пишува Република Северна Македонија, а околу него има помали кругови (поврзани со линии со централниот круг) во кои запишува (по едно во секој круг): (1) територија на државата, (2) симболи (знаме, грб, химна, пасош), (3) граѓани со различна етничка припадност, (4) историја (АСНОМ и независна Република Македонија), (5) главен град, (6) природни богатства (планини, реки, езера), (7) Устав и закони и (8) слоган кој ја отсликува природата на државата. Учениците, поделени во осум групи, добиваат задача да подготват илустрации (фотографии и/или текст) кои ќе го заменат напишаното во помалите кругови, при што секоја група се фокусира на еден круг. Отпечатените илустрации (по можност во боја) се лепат на соодветното место на таблата. (Подготвениот дијаграм може да се слика, да се отпечати и да се закачи на ѕидот на училницата или во холот на училиштето). Секоја група ги презентира илустрациите што ги користела и од каде ги зела. Потоа, наставникот објаснува дека дијаграмот го резимира „идентитетот“ на нашата држава и е во тесна врска со националниот идентитет на индивидуите кои се нејзини граѓани (на државата може да се гледа како на голема група определена со нејзината територија, на која ѝ припаѓаат сите нејзини граѓани; националниот идентитет на индивидуата произлегува од нејзината припадност на државата како нејзин граѓанин), а од тоа колку индивидуата се поистоветува со државата и колку е емоционално приврзана за неа зависи колкава важност индивидуата му придава на националниот идентитет. Следи нова задача за групите – да кажат како се манифестира припадноста на државата преку компонентите кои го дефинираат идентитетот на државата определени со помалите кругови во дијаграмот (пр. ако ги почитува сите граѓани, без оглед на нивната етничка припадност, ако го користи знамето на државата во сите прослави во кои учествува или ги организира, ако ги чува реките и езерата од загадување). По презентацијата на сработеното од страна на сите групи, се води отворена дискусија во која треба да се заклучи дека националниот идентитет е поврзан со патриотизмот и дека од сите граѓани на државата се очекува да манифестираат патриотизам (позитивно чувство и поддржувачки став кон сопствената држава).

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни методички приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата, при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс во однос на полот. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот континуирано ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството во активностите, учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел, наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците,
- истржувачките активности за прибирање податоци,
- изработките (мултимедијални презентации, постери, брошури и друг вид презентации),
- придонесот во работата во мали групи
- домашните задачи и
- одговорите на квизови и тестови.

По завршување на учењето на секоја тема, ученикот добива бројчана сумативна оценка за постигнатите стандарди за оценување. Сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на тест на знаење во комбинација со оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување. Во текот и на крајот од учебната година ученикот добива бројчани оценки.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2025/2026 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) министерката за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Граѓанско образование* за VII одделение.** | бр. 12-5706/12<br>30.12.2024 година<br><br>Министерка за образование и наука,<br>проф. д-р Весна Јаневска, с.р.<br><br>____________________________ |